Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 15, 2 февруари 2009 година

февруари 2009
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор помлад асистент/асистент од областа производно машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ / АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА ПРОИЗВОДНО МАШИНСТВО НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 0210-1585/20, донесена на третата седница на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 15.12.2008 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на двајца помлади асистенти/асистенти од областа ***производно машинство*** на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија е составена од:

1. д-р Ангел Тасевски, доцент (претседател),
2. д-р Зоран Панов, вонреден професор (член) и
3. д-р Симеон Симеонов, доцент (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Дневник“, на 27.11.2008 год., и во предвидениот рок се пријавиле кандидатите:

– Адријана Арсова, дипл.маш.инж. (индустриски менаџмент)
– Гордана Донева, дипл.сообр. инж. (сообраќај и транспорт)
– Ахмет Абдурахманов, дипл.маш.инж (производно машинство)
– Марија Шуманска, дипл.маш.инж. (термичко инженерство)

на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација и нашите познавања на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 27.11.2008 г., за избор на помлад асистент / асистент се пријавија кандидатите:

– Адријана Арсова, дипл. маш. инж. (индустриски менаџмент)
– Гордана Донева, дипл.сообр. инж. (сообраќај и транспорт)
– Ахмет Абдурахманов, дипл.маш.инж. (производно машинство)
– Марија Шуманска, дипл.маш.инж. (термичко инженерство).

Врз основа на Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ 35/08 од 14.3.2008 год.) и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатите доставиле пријава во предвидениот рок, утврден во Конкурсот.

Од детално проучената пријава на кандидатката **Адријана Арсова** (родена на 9 септември 1983 година во Штип) е утврдена следнава состојба. Кандидатката се пријави на 5.12.2008 г. и ги достави следниве документи: пријава, уверение за државјанство, уверение за завршен факултет и кратка биографија. Адријана Арсова дипломира на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на Техничкиот факултетот, отсек Индустриски менаџмент, со стручен назив *дипломиран машински инженер,* со просечен успех 6,86 (дипломира на 6.6.2008 година).

Од детално проучената пријава на кандидатката **Гордана Донева** (родена на 19 јули 1984 г. во Штип) е утврдена следнава состојба. Кандидатката се пријави на 4.12.2008 г. и ги достави следниве документи: пријава, уверение за завршен факултет со положени предмети (оригинал и две копии), државјанство и кратка биографија. Гордана Донева дипломира на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на Техничкиот факултетот, отсек Сообраќај и транспорт, насока Патен сообраќај и транспорт, со стручен назив *дипломиран сообраќаен инженер*, со просек 7,29 (дипломира на 29.11.2007 г.).

Од детално проучената пријава на кандидатот **Амед Абдурманов** (роден 30 ноември 1976 г. во Радовиш) е утврдена следнава состојба. Кандидатот се пријави на 4.12.2008 г. и ги достави следниве документи: пријава, уверение за завршен факултет, уверение за положени предмети, пропратно писмо, список на стручен труд, уверение дека е запишан на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, запишан во учебната 2005/06 година, уверение за државјанство, извод од матичната книга на родените, одлука за изработка на магистерска работа, дипломска работа и кратка биографија. Амед Абдурманов дипломира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Машинскиот факултет, отсек Производно машинство, со стручен назив *дипломиран машински инженер*, со просек 6,82 (дипломира на 10.3.2005 г.).

Од детално проучената пријава на кандидатката **Марија Шуманска** (родена на 1 април 1986 г. во Штип) е утврдена следнава состојба. Кандидатката се пријави на 3.12.2008 г. и ги доставила следниве документи: пријава, уверение за државјанство, уверение за завршен факултет, уверение за положени предмети, извод од матичната книга на родените, уверение од Основниот суд - Штип дека нема обвинителен акт или решение за истрага и кратка биографија. Марија Шуманска дипломира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Машинскиот факултет, отсек Термичко инженерство, со стручен назив *дипломиран универзитетски инженер по машинство*, со просек 9,69 (дипломира на 4.7.2008 г.).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложените материјали, Рецензентската комисија констатира дека ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува законските услови за избор во звање помлад асистент/асистент од областа *производно машинство* на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и не можат да бидат избрани во звање помлад асистент/асистент.

Кандидатката **Адријана Арсова** има академски степен - *дипломиран машински инженер,* меѓутоа, за жал, го нема стекнато потребниот академски степен – магистер.

Кандидатката **Гордана Донева** има академски степен - *дипломиран сообраќаен инженер*, меѓутоа, за жал, го нема стекнато потребниот академски степен – магистер.

Кандидатот **Ахмет Абдурахманов** има академски степен - *дипломиран машински инженер*, меѓутоа, за жал, го нема стекнато потребниот академски степен – магистер.

Кандидатката **Марија Шуманска** има академски степен - *дипломиран универзитетски инженер по машинство*, меѓутоа, за жал, го нема стекнато потребниот академски степен – магистер.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Ангел Тасевски, доцент на Машински факултет, с.р.**

**Д-р Зоран Панов, вонр. проф. на Машински факултет, с.р.**

**Д-р Симеон Симеонов, доцент на Машински факултет, с.р.**